# Пакомак член на Пројуроп интернационалната мрежа

Пакомак е 34 национална непрофитна компанија која се приклучува во оваа интернационална мрежа за управување со амбалажен отпад, со што ја добива лиценцата за употреба на симболот “Green Dot”

Непрофитната Македонска компанија Пакомак, основана од повеќе македонски компании, од денес и официјално станува дел од интернационалната мрежа за управување со амбалажен отпад Пројуроп во кој членуваат компании од 32 европски земји и Канада.




Членството во Пројурот значи право на лиценца за користење и примена на општоприфатениот симбол “Green Dot”. Кога еден производ го има знакот “Green Dot” тоа значи дека компанијата има платено финансиски надомест на лиценцирана компанија за управување со амбалажниот отпад, и дека истата ги почитува еколошките стандарди дефинирани со закон, а според директивите на ЕУ.

Денес “Green Dot” е еден од најупотребуваните симболи во светот, а повеќе од 170,000 компании во светот имаат лиценца за негово користење. Повеќе од 460 билиони производи годишно го имаат овој симбол, кој од сега и компаниите во Македонија членки на Пакомак ќе имаат можност да го стават на своите пакувања.

“*Приклучувањето на Пројуроп е природен чекор за Пакомак. Драго ни е што сме дел од ова големо семејство кое што се грижи за преработка на амбалажниот отпад. Со нетрпение очекуваме да ја почнеме соработката со нашата сестринска организација, и да ја искористиме нивната стручност и експертиза во оваа област, и со чија помош се надеваме дека ќе ги постигнеме, дури и надминеме зацртаните цели кои се во согласност со националните цели на Министерството за животна средина на Република Македонија”,* изјави Филип Ивановски од Пакомак.

“Им *посакувам добредојде на Пакомак во мрежата Пројуроп. Се поголемиот број членови во Пројуроп, е потврда за кредибилитет и напорот што Пројуроп го прави во оваа дејност. Ова членство значи дека европските принципи ќе се применуваат и во Македонија. Предизвикот во ефикасното управување со амбалажен отпад сега е заеднички и се надеваме дека успешно ќе се справиме со него. Сите членови на Пројуроп се обврзани да ги поддржат нашите колеги од Пакомак, да им ја дадат неопходната експертиза, и да го оживеат*

*концептот на одговорен производител во Македонија* ", изјави Јоаким Кводен, Генерален Менаџер на Пројуроп.

---

**Пакомак** е компанија основана од 11 водечки производствени компании во Македонија (Пивара Скопје АД Скопје; Прилепска Пиварница АД Прилеп; Витаминка АД Прилеп; Пелистерка ДОО Скопје; Магрони ДОО Скопје; Кодинг Дооел Кавадарци; Кожуфчанка; ДОО Кавадарци; Вивакс Дооел Скопје; Благој Ѓорев АД Велес; ВВ Тиквеш АД; ВВ Стоби АД). Компанијата "Пакомак" е прва во Македонија која од Министерството за животна средина и просторно планирање доби дозвола за селекција и преработка на отпадот од амбалажи. Намалување на дивите депонии, продолжување на животниот век на постоечките депонии, рециклирање на над 60% од амбалажниот материјал и негово енергетско искористување е крајна цел на Пакомак.

**Пројуроп** е заедничка законска платформа која ги застапува интересите на сите амблажно преработувачки и рециклирачки организации. Основана е во 1995 година, а нејзин заштитен знак е симболот "Green Dot"
Членови на ПРО ЈУРОП се 33 земји: 26 Земји Членки (Австрија, Белгија, Бугарија, Кипар, Чешка, Естонија, Финска, Франција, Германија, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Латвија, Литванија, Луксембург, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Словачка, Словенија, Шпанија, Шведска и Велика Британија), две земји кандидати (Турција и Хрватска), Србија, Норвешка, Исланд, Украина и Канада.

За Пројуроп рециклирањето на употребената амбалажа е од витално значење за да се сочува нашата планета за идните генерации. Седиштето на ПроЈуроп е во Брисел.